**Закачено на огласна табла и на веб страна на судот на ден 08-07-2024 година**
**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**
**СТ.бр.15/24**
**08-07-2024 година**

**ДО**
**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ**

**Согласно одредбите од чл.60 ст.1 од Законот за стечај, потребно е да го објавите огласот со следната содржина:**

**О Г Л А С**

Основниот Суд Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, објавува дека со Решение СТ.бр. 15/24 од 08-07-2024 година:

I.

**Се поведува** претходна постапка за утврдување на причината за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со седиште во с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7260210 и ЕДБ: 4080018571569 и трансакциски сметки бр. 280109104130710 што се води при Силк Роуд Банка АД Скопје и број 300000004184034 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - управувачки дејности со шифра 70.10.

**Се закажува** рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, на ден 20-08-2024 година во 10,00 часот, во судница бр.2 на овој суд.

**Се задолжува** должникот Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник , сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог,

II.

Во претходната постапка на должникот до донесување на одлука по предлогот за отварање на стечајна постапка **се определуваат следните мерки за обезбедување:**

**За привремен стечаен управник** се определува лицето Младен Веселинов од Скопје лиценциран и овластен стечаен управник регистриран како стечаен управник ТП БИРОТИМ стечаен управник Младен Веселинов Скопје ул. Христо Татарчев 23 бр.32 Скопје, број на телефон 070-327-845, e-mail:birotims@yahoo.com .

**Се задолжува** привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отварање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско - финанасиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеи, даноци ,комунална такса , обврски спрема доверители).

**Се одредува** општа забрана за располагање со имотот на должникот.

**Се забранува** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**Се забранува** исплата од сметките на должникот.

**Се повикуваат** должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исплатат своите обврски кон должникот.

**Се задолжува** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му дозволи и му овозможи да изврши увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**Решението да се достави** до Централен Регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

**Решението да се достави** до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централен Регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**Решението да се објави** на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ и на веб страната на судот.

ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ